ОДУ.бр.295/21

Република Северна Македонија
**Н О Т А Р**
**НАДА ПАЛИЌ**
за подрачјето на основните
судови на градот Скопје
ул."Пролет" број 35А Скопје
26.05.2021

**З А П И С Н И К**
**од Редовна годишна седница на Собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**

Република Северна Македонија
**НОТАР**
**НАДА ПАЛИЌ**
за подрачјето на основните судови на градот Скопје
ул."Пролет" број 35 А Скопје
2021.05.26
11:00(единаесет)часот

**ОДУ.бр.295/21**

**ИЗВОД**

# НОТАРСКИ АКТ

Јас, **Нотар Нада Палиќ** од Скопје ул."Пролет"број 35А, потврдувам дека во двеиљадитаи дваесетипрва година, месец мај, ден дваесетишести на писмено Барање за присуство на Редовна годишна седница на Собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, во својство на записничар, заведено под број 1516/2377-1/2021 од 06.05.2021 година, кое е прилог на овој записник, присуствувам на Редовна годишна седница на Собрание на акционери, закажана за ден 26.05.2021 (ден дваесетишести, месец мај, двеиљадитаидваесети прва) година, со почеток во 11:00 (единаесет) часот, во седиштето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје на ул."Максим Горки" број 6 Скопје, заради превземање на службено дејствие согласно член 92 од Законот за нотаријатот и член 383 и 384 од Законот за трговски друштва, а во врска со член 298 од истиот закон, како повикан Нотар да потврди одлуки на Редовна годишна седница на Собрание на акционери, го сочинив следниот------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------- **ЗАПИСНИК**------------------------------------------------
-------------------**од Редовна годишна седница на Собрание на акционери на**---------------------
--------------------- **УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД Скопје** ----------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред отпочнување на Редовната годишна седница на Собрание на акционери утврдив дека во седиштето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје во целост се применувани од страна на Банката препораките и мерките за спречување на внесување и ширење на корона вирусот КОВИД-19, а согласно Одлуката на Владата на РСМ ( Сл.Весник на РСМ бр.62/2020, 63/2020, 64/2020, 66/2020 и 70/2020) и во согласност со препораките на Комисијата за хартии од вредност на РСМ за начинот на одржување на Годишно собрание на акционери.-------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Исто така пред отпочнување на службеното дејствие утврдив дека:-------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА АД Скопје, ЕМБС 4646088, со седиште во Скопје на ул."Максим Горки" број 6 Скопје е запишана во Единствениот трговскиот регистар при Централен Регистар на Република Северна Македонија, видно од увид во Тековна состојба издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија - Трговски регистар и регистар на други правни лица /електронски издаден документ/ под број 0805-50/150020210288914 од 26.5.2021 година, која е прилог на овој записник.--------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Врз основа на Потврда издадена од Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје под број 08-2266/2 од 25.05.2021 година, која е прилог на овој записник издадена е Акционерската книга на банката на ден 25.05.2021 година во 13:11:17 часот од Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје, која се води со ISIN MKBLBA101011 утврдив дека Издавачот Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, издало под Вид-Обични акции, со номинална вредност по ХВ: 1000 МКД (илјададенари), со вкупен број на ХВ: 545987 (пет стотиничетириесетипетилјадиидеветстотиниосумдесетиседум), со вкупен номинален капитал
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

од 545.987.000,00 МКД (петстотиничетириесетипетмилионидеветстотиниосумдесетиседум илјадиденари), број на гласови 545987 (петстотиничетириесетипетилјадиидеветстотиниосум десетиседум), состојба-активен, број на иматели 329 (тристотиниидваесетидевет), со број на сопственички позиции 335 (тристотиниитриесетипет), која е прилог на овој записник.-------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од увидот во акционерска книга, утврдив дека акционери на банката се правни лица и физички лица.------------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Редовната годишна седница на Собрание на акционери е свикана, врз основа на Одлука донесена од страна на Надзориот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје на ден 23.04.2021 година, која е прилог на овој записник, со јавен ПОВИК за учество на 29-та Редовна годишна седница на Собранието на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, а кој е објавен во дневниот весник Слободен Печат на ден 24/25 април 2021 (ден дваесетичетврти/дваесетипети, месец април, двеилјадитаидваесетипрваа) година, а во кој е објавен Дневниот ред на Редовната годишна седница на Собрание на акционери, кој е прилог на овој записник.-------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Исто така утврдив дека присутни акционери на денешната Редовна годишна седница на собрание на акционери се: ------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**1.За Цеко Тодоров Минев** од Софија-Р.Бугарија - **полномошник Марина Николова-Динески**, чиј идентитет го утврдив од лична карта број А2141035 издадена од МВР Скопје, со ЕМБГ 1302979495013, со заверено полномошно кај Нотар Димо Жељазков од Софија, под Рег.бр.2940 од 29.4.2021 година, кое е прилог на овој записник. ---------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**2.За Ивајло Димитров Мутафчиев** од Софија-Р.Бугарија- **полномошник Марина Николова-Динески**, чиј идентитет го утврдив од лична карта број А2141035 издадена од МВР Скопје, со ЕМБГ 1302979495013, со заверено полномошно кај Нотар Димо Жељазков од Софија, под Рег.бр.3035 од 10.05.2021 година, кое е прилог на овој записник. -----------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**3.За АД за проектирање и производство на електрични производи и опрема РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје**, ЕМБС 4053222, видно од увид во Тековна состојба издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија - Трговски регистар и регистар на други правни лица /електронски издаден документ/ под број 0805-50/150020210015029 од 1.3.2021 година, која е прилог на овој записник - **полномошник Дарко Стојков**, чиј идентитет го утврдив од лична карта број А1656292 издадена од МВР Скопје, со ЕМБГ 1711976450067, со полномошно, кое е прилог на овој записник. ---------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**4.Дарко Стојков**, чиј идентитет го утврдив од лична карта број А1656292 издадена од МВР Скопје, со ЕМБГ 1711976450067.--------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**5.Васко Богдановски**, чиј идентитет го утврдив од лична карта број А1801634 издадена од МВР Скопје, со ЕМБГ 1401985410044.--------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**6.Гоце Маркоски**, чиј идентитет го утврдив од лична карта број А2004924 издадена од МВР Скопје, со ЕМБГ 2108982440001.--------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**7.Игор Мишевски**, чиј идентитет го утврдив од лична карта број А2172269 издадена од МВР Скопје, со ЕМБГ 1209979423012.--------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**8.Петар Вуксановиќ**, чиј идентитет го утврдив од лична карта број А2536217 издадена од МВР Скопје, со ЕМБГ 1701986450116.--------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

кои акционери поседуваат вкупно **408.611 акции со право на глас** што претставуваат **74.84%** од вкупниот број 545.984 акции со право на глас, согласно акционерската книга на Банката

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

---
која е издадена 48 часа пред одржувањето на оваа Редовна годишна седница на Собрание на акционери, што значи дека се присутни верификувани учесници кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас, односно квалификувано мнозинство, така што оваа Редовна годишна седница на Собрание на акционери има кворум и може да одлучува по сите точки од предложениот дневен ред, по што го потпишаа Списокот за седница на собрание на акционери на ден 26.05.2021, кој е прилог на овој записник со што го верификуваа своето присуство (верификувани учесници на Собранието), а кој Список за седница на собрание на акционери на ден 26.05.2021, со свој потпис ќе го заверат Претседавачот на оваа Редовна годишна седница на Собрание на акционери и Нотарот како записничар.---

---

Редовната годишна седница на Собрание на акционери започна во 11:05 часот (единаесетчасот иеетминути) и ја отвори Претседавачот на претходната Вонредна седница на Собрание на акционери Марина Николова-Динески - полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија, која најпрвин ги поздрави присутните на оваа седница и тоа Г-дин Робертино Николоски-Главен директор за контрола на усогласеност со прописи и Ѕвонко Станковски-Директор на трежри, се заблагодари на нивното присуство и констатира дека јавниот Повик на Редовната годишна седница на Собрание на акционери на Банката е уредно објавен во дневниот весник Слободен Печат на ден 24/25 април 2021 година и на веб страната на Банката, согласно член 388-б од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва (Сл.весник на РМ бр.42 од 26.03.2010 год.), со што материјалите уредно беа ставени на располагање и достапни на акционерите.---

---

Претседавачот на претходната Вонредна седница на Собрание на акционери Марина Николова-Динески - полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија истакна дека акционери кои го оствариле правото на глас преку писмена коресподенција, согласно член 400-а од Законот за трговски друштва и јавниот Повик за учество на 29-та Редовна годишна седница на Собранието на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје е акционерот Сава Пензиско Друштво АД Скопје, кое управува со Отворен задолжителен пензиски фонд-Сава пензиски фонд со 19.375 обични акции со право на глас и со Отворен доброволен пензиски фонд-Сава пензија плус со 7.395 обични акции со право на глас или вкупно 26.770 акции со право на глас, врз основа на Образец за гласање преку коресподенција на Годишно собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, заведен под број Арх.Бр.03-921/1 од 21.05.2021 година/електронски издаден документ/, примен во Банката на ден 21.05.2021 година, заведен под број 0811/2648-1/2021, со составен дел на истиот Тековна состојба за друштвото издадена од Централен Регистар на Република Северна Македонија - Трговски регистар и регистар на други правни лица /електронски издаден документ/ под број 0805-50/150020210276564 од 17.5.2021 година и лична индетификација (лична карта) на Претседателот на Управен одбор Мира Шекутковска и Член на Управен одбор Коста Иваноски, кој е прилог на овој записник.---

---

Претседавачот на претходната Вонредна седница на Собрание на акционери Марина Николова-Динески - полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија, го предложи на усвојување следниот---

---

**ДНЕВЕН РЕД**

**I.Процедурален дел**---

---

**1.Отварање на Собранието**; ---
**2.Избор на работни тела на собранието**:---
**-избор на Претседавач на Собранието**; ---
**-избор на бројач на гласови**;---
**-избор на записничар**.---

---

**II.Работен дел**---

---

---

**1.Разгледување на Извештај за работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2020 година, со писмено мислење по истиот од страна на Надзорниот одбор и Предлог Одлука за усвојување на извештајот;**---

---

**2.Разгледување на Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2020 година, со Предлог Одлука за одобрување на извештајот;**---

---

**3.Разгледување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за период 01.01.2020 година до 31.12.2020 година, со Предлог Одлука за усвојување;**---

---

**4.Предлог Одлука за употреба и распоредување на остварена добивка за период 01.01.2020 година до 31.12.2020 година;**---

---

**5.Разгледување на Извештај од извршена ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2020 година од Друштвото за ревизија МУР СТИВЕНС Скопје, со писмено мислење по истиот од страна на Надзорниот одбор;**---

---

**6.Предлог Одлука за именување на Друштво за ревизија, кое ќе врши ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2021 година;**---

---

**7.Предлог Одлука за исплата на камата на иматели на перпетуална обврзница.**---

---

**8.Предлог Одлука за престанок на мандат на независен член на Надзорен одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**.---

---

**9.Предлог Одлука за именување членови на Надзорен одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**.---

---

**10.Предлог Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**.---

---

**11.Предлог Одлука за исплата награда на членовите на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**.---

---

Претседавачот на претходната Вонредна седница на Собрание на акционери Марина Николова-Динески - полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија праша дали некој се јавува за дискусија и како никој не се јави, вака предложениот Дневен ред, го стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите на присутните акционери со 408.611 акции со право на глас и акционерот кој гласал по пат на писмена коресподенција со 26.770 акции со право на глас се констатира дека предложениот Дневен ред е едногласно усвоен. ЗА предлогот гласаа вкупно 435.381 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

---

Се премина на **Процедуралниот дел од Дневниот ред.**---

---

**1.Отварање на Собранието.**---

---

Со оглед дека оваа точка од дневниот ред е исцрпена Претседавачот на претходната Вонредна седница на Собрание на акционери Марина Николова-Динески - полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија премина на втората точка од процедуралниот Дневен ред **Избор на работни тела на собранието** и тоа:---

---

**- избор на Претседавач на Собранието.**---

---

---

Претседавачот на претходната Вонредна седница на Собрание на акционери Марина Николова-Динески - полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија истакна дека со седницата на Собранието претседава Претседавач, кој се избира за секое одделно Собрание, па лично се предложи за Претседавач на оваа Редовна годишна седница на собрание на акционери како полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија. Како никој не стави забелешки на предлогот, ваквиот предлог го стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите на присутните акционери со 408.611 акции со право на глас и акционерот кој гласал по пат на писмена коресподенција со 26.770 акции со право на глас се констатира дека предложениот предлог е едногласно усвоен. ЗА предлогот гласаа вкупно 435.381 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

---

Се констатира дека за **Претседавач на оваа Редовна годишна седница на Собрание на акционери** е избрана едногласно **Марина Николова-Динески - полномошник на акционерот Изајло Димитров Мутафчиев од Софија**.---

---

Претседавачот на оваа Редовна годишна седница на Собрание на акционери се заблагодари за довербата и премина на **Избор на бројач на гласови.** За бројач на гласови го предложи Ѕвонко Станковски-Директор на трежри. Како никој не стави забелешки на предлогот, ваквиот предлог го стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите на присутните акционери со 408.611 акции со право на глас и акционерот кој гласал по пат на писмена коресподенција со 26.770 акции со право на глас се констатира дека предложениот предлог е едногласно усвоен. ЗА предлогот гласаа вкупно 435.381 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека за Бројач на гласови е избран Ѕвонко Станковски-Директор на трежри, по што истиот поднесе Извештај од бројач на гласови на собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје од 26.05.2021 година, кој е прилог на овој записник и констатира дека на оваа Редовна годишна седница на Собрание на акционери присутни се: лично акционери и полномошници на акционери со уредни овластувања за застапување, иматели на обични акции со право на глас кои поседуваат вкупно поседуваат вкупно **408.611 акции со право на глас** што претставуваат **74.84%** од вкупниот број 545.984 акции со право на глас, согласно акционерската книга на Банката која е издадена 48 часа пред одржувањето на оваа Редовна годишна седница на собрание на акционери и на Собранието уредно е пријавен и гласал коренсподенски акционерот Сава Пензиско друштво АД Скопје, кое управива со Отворен задолжителен пензиски фонд-Сава пензиски фонд со 19.375 обични акции со право на глас и со Отворен доброволен пензиски фонд-Сава пензија плус со 7.395 обични акции со право на глас или вкупно **26.770 акции со право на глас**, а со забелешка дека 3(три) се обични акции, без право на глас од акционерот Кен АД Куманово во стечај, така што согласно член 393 став (1) од Законот за трговски друштва и одредбите од Законот за банки, Собранието на акционери има кворум за работа и одлучување.---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери премина на **Избор на записничар**, па истакна дека согласно член 383 став 3 од Законот за трговски друштва, ако Собранието одлучува за измена на податок што се запишува во трговскиот регистар, записникот го води Нотар, така што за записничар на денешната Редовна годишна седница на собрание на акционери е определена Нотар Нада Палиќ од Скопје, кој ќе го води и изготви Записникот од оваа Редовната годишна седница на Собрание на акционери, па предложи Нотар Нада Палиќ од Скопје да биде избрана како Нотар кој ќе го води и изготви записникот. Како никој не стави забелешки на предлогот, ваквиот предлог го стави на гласање на Собранието. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите на присутните акционери со 408.611 акции со право на глас и акционерот кој гласал по пат на писмена коресподенција со 26.770 акции со право на глас се констатира дека предложениот предлог е едногласно усвоен.

---

-

ЗА предлогот гласаа вкупно 435.381 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.--------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека за записничар е избрана Нотар Нада Палиќ од Скопје.---------------------------------------------

Откако Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека процедуралниот дел од Дневниот ред е исцрпен се премина на **Работниот дел од Дневниот ред**:-----------------------------------------------------------------------------------

точка **1.Разгледување на Извештај за работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2020 година, со писмено мислење по истиот од страна на Надзорниот одбор и Предлог Одлука за усвојување на извештајот**.----------------------------------------------------

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери истакна дека Годишниот Извештај за работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2020 година, со писмено Мислење по истиот од страна на Надзорен одбор од 23.04.2021 година, кои се прилог на овој записник и Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работење на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, за 2020 година се составен дел на материјалите на оваа седница, па по истите отвори дискусија. Како никој не се јави за збор, Предлог одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работење на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, за 2020 година, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите на присутните акционери со 408.611 акции со право на глас и акционерот кој гласал по пат на писмена коресподенција со 26.770 акции акции со право на глас се констатира дека предложената Предлог одлука едногласно е усвоена. ЗА гласаа вкупно 435.381 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-------------

Претседавачот на Редовната годишна седница на собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работење на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, за 2020 година**, која е прилог на овој записник.-------------------

Се премина на точка **2. Разгледување на Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2020 година, со Предлог Одлука за одобрување на извештајот**.----------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери по оваа точка од дневниот ред истакна дека во материјалите за оваа Редовна седница на Собрание на акционери е Извештајот за работењето на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје во 2020 година од април 2021 година, кој е прилог на овој записник и предложената Предлог одлука за усвојување на Извештајот за работење на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, за 2020 година и за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор на Банката, поединечно и колективно, па по истите отвори дискусија. Како никој не се јави за збор, Предлог одлуката за усвојување на Извештајот за работење на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2020 година и за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор на Банката, поединечно и колективно, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите на присутните акционери со 408.611 акции со право на глас и акционерот кој гласал по пат на писмена коресподенција со 26.770 акции акции со право на глас се констатира дека предложената Предлог одлука едногласно е усвоена. ЗА гласаа вкупно 435.381 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-----------------------------------------

Претседавачот на Редовната годишна седница на собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на Извештајот за работење на Надзорниот одбор на**

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2020 година и за одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор на Банката, поединечно и колективно**, која е прилог на овој записник.---------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на точка **3.Разгледување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за период 01.01.2020 година до 31.12.2020 година, со Предлог Одлука за усвојување**.--------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери по оваа точка од дневниот ред истакна дека во материјалите за оваа Редовна седница на Собрание на акционери е Годишната сметка на ден 31.12.2020 година (Биланс на успех, Извештај за сеопфатна добивка, Биланс на состојба), која е прилог на овој записник и Предлог Одлуката за усвојување на Годишната сметка на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2020 година, па по истата отвори дискусија. За збор се јави акционерот Васко Богдановски и истакна дека приходите на Банката се фантастични и подобри од очекувањата на инвеститорската јавност и се надева дека Банката ќе продолжи со своето добро оперативно финансиско работење и понатаму. Како никој не се јави за збор, Предлог одлуката за усвојување на Годишната сметка на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2020 година, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите на присутните акционери со 408.611 акции со право на глас и акционерот кој гласал по пат на писмена коресподенција со 26.770 акции акции со право на глас се констатира дека предложената Предлог одлука едногласно е усвоена. ЗА гласаа вкупно 435.381 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на Годишната сметка на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2020 година**, која е прилог на овој записник.-----------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на точка **4. Предлог Одлука за употреба и распоредување на остварена добивка за период 01.01.2020 година до 31.12.2020 година**.---------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери истакна дека Предлог Одлука за распоредување на утврдената добивка за период од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година е составен дел на материјалите на оваа седница, па по истата отвори дискусија. За збор се јави акционерот Васко Богдановски и праша со оглед дека резултатите на Банката се навистина фантастични, дали истата размислува во овој дел на инвеститорската јавност и на малцинските акционери да даде сигнал во смисол на откуп на сопствени акции или исплата на дивиденда, со оглед дека е модерна банка, присутна на социјалните мрежи, подобро и редовно пријавување на финасиските извештаи за разлика од порано. За збор се јави Г-дин Робертино Николоски-Главен директор за контрола на усогласеност со прописи и истакна дека со оглед на успешноста во работењето и остварените резултати постојат услови за исплата на дивиденда што репутациски позитивно би влијаело и за самата Банка. Намерата е поткрепена и со фактот за постоење на солидна капитална база на Банката по повеќегодишно реинвестирање на добивката. И покрај ваквите услови годинава се соочуваме со неможност за исплата заради Одлуката за привремено ограничување на распределбата и исплата на дивиденда на акционерите на банките донесена од Советот на Народна банка на Република Северна Македонија на 26 февруари 2021 година, од чија содржина е јасно дека не може ниту да се распредели дел од добивката кој евентуално би се исплатил дополнително. Се надеваме на успешните резултати во следните години кои би овозможиле исплата на дивиденда, која секако зависи од одлуката на акционерите. За збор се јави Г-дин Ѕвонко Станковски-Директор на трежри, кој истакна дека сега добивката на Банката ќе се распредели во останати резерви и со тоа ќе се зајакне потенцијалот на Банката во делот на адекватноста на капиталот и тоа од 16,53% на 18,53%, така што со предложената предлог одлука на ------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

спротивно на одлуката и препораката на регулаторот, како што прават други Банки. По исцрпната дискусија, како друг не се јави за збор, Претседавачот Предлог одлуката за употреба и распоредување на остварена добивка за период 01.01.2020 година до 31.12.2020 година, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите на присутните акционери со 408.611 акции со право на глас и акционерот кој гласал по пат на писмена коресподенција со 26.770 акции акции со право на глас се констатира дека предложената Предлог одлука едногласно е усвоена. ЗА гласаа вкупно 435.381 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.----------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за употреба и распоредување на остварена добивка за период 01.01.2020 година до 31.12.2020 година**, која е прилог на овој записник.--------------------------------

Се премина на точка **5. Разгледување на Извештај од извршена ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2020 година од Друштвото за ревизија МУР СТИВЕНС Скопје, со писмено мислење по истиот од страна на Надзорниот одбор**.-----------------

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери истакна дека Извештајот од извршена ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2020 година од Друштвото за ревизија МУР СТИВЕНС Скопје од април 2021 година, со писмено Мислење по истиот од страна на Надзорниот одбор од 23.04.2021 година, кои се прилог на овој записник и Предлог Одлука за усвојување на Извештајот од извршена ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2020 година од Друштвото за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО Скопје се составен дел на материјалите на оваа седница, па по истите отвори дискусија. Како никој не се јави за збор, Предлог одлуката за усвојување на Извештајот од извршена ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2020 година од Друштвото за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО Скопје, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите на присутните акционери со 408.611 акции со право на глас и акционерот кој гласал по пат на писмена коресподенција со 26.770 акции акции со право на глас се констатира дека предложената Предлог одлука едногласно е усвоена. ЗА гласаа вкупно 435.381 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.--------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за усвојување на Извештајот од извршена ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2020 година од Друштвото за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО Скопје**, која е прилог на овој записник.---------------------------------------------------

Се премина на точка **6.Предлог Одлука за именување на Друштво за ревизија, кое ќе врши ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2021 година**.---------

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери истакна дека Предлог Одлуката за именување на Друштво за ревизија, кое ќе врши ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2021 година е составен дел на материјалите на оваа седница, така што повторно се предлага Друштво за ревизија за 2021 година да биде Друштвото за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО Скопје, па по истата отвори дискусија. Како никој не се јави за збор, Предлог одлуката за именување на Друштво за ревизија, кое ќе врши ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2021 година, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите на присутните акционери со 408.611 акции со право на глас и акционерот кој гласал по пат на писмена коресподенција со 26.770 акции акции со право на глас се констатира дека предложената Предлог одлука едногласно е усвоена. ЗА гласаа вкупно 435.381 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.--------------------------------------------------------------------------------

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за избор на Друштво за ревизија,** кое ќе врши ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2021 година, која е прилог на овој записник.---

---

Се премина на точка **7.Предлог Одлука за исплата на камата на иматели на перпетуална обврзница**.---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери истакна дека Предлог Одлуката за исплата на камата на иматели на перпетуална обврзница е составен дел на материјалите на оваа седница, па по истата отвори дискусија. За збор се јави акционерот Гоце Маркоски и истакна дека каматната стапка на перпетуална обврзница е превисока. При нејзиното издавање смета дека тоа беше добар сигнал, дека банка е отворена кон инвестоторите , што е добро, но смета дека при донесување на денешната одлука за употреба и распоредување на остварената добивка како да се во подредена положба малцинските акционери и предлага барем една година да не се исплаќа каматната стапка по перпетуалната обврзница со оглед дека малцинските акционери не добиле дивиденда. За збор се јави Дарко Стојков и праша дали во структурата на имателите на перпетуалната обврзница има поклопување со структурата на имателите на акции во банката. За збор се јави Г-дин Ѕвонко Станковски-Директор на трежри и истакна дека имателите на перпетуалната обврзница беа јавно објавени, дека воглавно нема поклопување со постојните акционери, освен кај еден или два пензиски и инвестициски фондови. Тој исто така истакна дека перпетуалната обврзница како хартија од вредност во износ од 5.000.000,00 Евра пред две години беше понудена на инвеститорите, а која претходно беше одобрена од Комисијата за хартии од вредност како нова хартија од вредност и истата преставува хибрид, а светската пракса е дека за ваков вид на хартии од вредност се плаќаат вакви каматни стапки, што се повисоки од каматните стапки на депозитите и корпоративните обврзници. Но, истата не е депозит, а од друга страна е вклучена директно во капиталот на Банката, што и овозможи на Банката потенцијал за раст, можност за зголемено кредитирање и да покаже вакви резултати како што има во 2020 година. Сметаме дека ако не исплатиме камата по перпетуалната обврзница ќе испратиме лош сигнал кон инвеститорите, што не е добро за репутацијата на Банката.Исто така сметаме дека инвестицијата од 5.000.000,00 Евра го даде очекуваниот резултат, се зголеми кредитното портфолијо на Банката, порасна профитот, а со тоа има доволен потенцијал и за акционерите. Како никој друг не се јави за збор, Предлог одлуката за исплата на камата на иматели на перпетуална обврзница, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите на присутните акционери со 408.611 акции со право на глас и акционерот кој гласал по пат на писмена коресподенција со 26.770 акции акции со право на глас се констатира дека предложената Предлог одлука е усвоена. ЗА гласаа 426.081 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ гласаа 9.300 обични-акции со право на глас.---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука** за исплата на камата на иматели на перпетуална обврзница, која е прилог на овој записник.---

---

Се премина на точка **8. Предлог Одлука за престанок на мандат на независен член на Надзорен одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**.---

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери по оваа точка од дневниот ред истакна дека во материјалите за оваа Редовна седница на собрание на акционери е Предлог Одлука за престанок на мандат на независен член на Надзорен одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, па по истата отвори дискусија. Како никој не се јави за збор, Предлог одлуката за престанок на мандат на независен член на Надзорен одбор на---

---

---

Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите на присутните акционери со 408.611 акции со право на глас и акционерот кој гласал по пат на писмена коресподенција со 26.770 акции акции со право на глас се констатира дека предложената Предлог одлука едногласно е усвоена. ЗА гласаа вкупно 435.381 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-------------

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за престанок на мандат на независен член на Надзорен одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**, која е прилог на овој записник.------------------------

---

Се премина на точка **9.Предлог Одлука за именување членови на Надзорен одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје** .---------------------------------------------------------------

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери по оваа точка од дневниот ред истакна дека во материјалите за оваа Редовна седница на собрание на акционери е Предлог Одлука за именување членови на Надзорен одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, па по истата отвори дискусија. Како никој не се јави за збор, Предлог одлуката за именување членови на Надзорен одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите на присутните акционери со 408.611 акции со право на глас и акционерот кој гласал по пат на писмена коресподенција со 26.770 акции акции со право на глас се констатира дека предложената Предлог одлука едногласно е усвоена. ЗА гласаа вкупно 435.381 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.---------------------------------------------------------------------

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за именување членови на Надзорен одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**, која е прилог на овој записник.-----------------------------------------

---

Се премина на точка **10.Предлог Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**.---------------------------------------------------------------

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери по оваа точка од дневниот ред истакна дека во материјалите за оваа Редовна седница на Собрание на акционери е Предлог Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, па по истата отвори дискусија. За збор се јави Г-дин Робертино Николоски-Главен директор за контрола на усогласеност со прописи и истакна за предложените измени и дополнувања на Статутот од страна на Народната банка на РСМ веќе е добиена согласност. Како никој друг не се јави за збор, Предлог одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите на присутните акционери со 408.611 акции со право на глас и акционерот кој гласал по пат на писмена коресподенција со 26.770 акции акции со право на глас се констатира дека предложената Предлог одлука едногласно е усвоена. ЗА гласаа вкупно 435.381 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-------------

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**, која е прилог на овој записник.-----------------------------------------

---

Се премина на точка **11.Предлог Одлука за исплата награда на членовите на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје.** ------------------------------------------------

---

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери по оваа точка од дневниот ред истакна дека во материјалите за оваа Редовна седница на Собрание на акционери

---

е Предлог Одлука за исплата награда на членовите на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, па по истата отвори дискусија. Како никој не се јави за збор, Предлог одлуката за исплата награда на членовите на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, ја стави на гласање. Гласањето е јавно. По пребројување на гласовите на присутните акционери со 408.611 акции со право на глас и акционерот кој гласал по пат на писмена коресподенција со 26.770 акции акции со право на глас се констатира дека предложената Предлог одлука едногласно е усвоена. ЗА гласаа вкупно 435.381 обични-акции со право на глас, ПРОТИВ нема, ВОЗДРЖАНИ нема.-------------------

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека Собранието донесе **Одлука за исплата награда на членовите на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**, која е прилог на овој записник.-----------------------

Претседавачот на Редовната годишна седница на Собрание на акционери констатира дека дневниот ред е исцрпен во целост и ја затвори Редовната годишна седница на собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје.-------------------------------------------

Редовната годишна седница на собрание на акционери заврши во 11:30(единаесетчасоти триесетминути)-------------------------------------------------------------------------------------------

Овој записник лично го составив на единаесет страници, од единаесет листа, го следев целокупниот тек на Редовната годишна седница на Собрание на акционери и истиот содржи опис на сите дејствија што се случија на Собранието на акционери, а кои се од важност за оценка на законитоста на постапката за донесување на одлуките, за што Претседавачот потврди дека неговата содржина одговара на фактичката состојба, па во знак на согласност со неговата содржина своерачно го потпишува.-------------------------------------------------------

**Претседавач на Редовната годишна седница на Собрание на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје** -------------------------------------------------------------------------

______________________________________________с.р.--------------------------------------------------

**Марина Николова-Динески - полномошник на акционерот Ивајло Димитров Мутафчиев од Софија**.-----------------------------------------------------------------------------------------------------

При составување на овој записник издадени се изводи и тоа еден за учесникот Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, еден за Народна Банка на Република Северна Македонија, со сите прилози кон овој записник, еден за упис во Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица при Централниот Регистар на Република Северна Македонија-Скопје, без прилози кон овој записник и еден за учесникот Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, без прилози кон овој записник, а изворникот се чува во архивот на Нотарот.-------------------------

Нотарска награда согласно член 41 и 54 од Нотарската тарифа е пресметана во износ од *13.500,оо* денари и надоместок на трошоци, согласно член 52 од Нотарската тарифа во износ од *1.320,оо* денари.------------------------------------------------------------------------------------------

**ОДУ.бр.295/21**-----------------------------------------------------------------------------------------------
Во Скопје 2021.05.26-Двеилјадитаидваесетипрва година, месец мај, ден дваесетишести.----------

**НОТАР**
**Нада Палиќ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на основните судови на градот НОТАР НАДА ПАЛИЌ СКОПЈЕ

Јас НОТАР, **НАДА ПАЛИЌ**
ул. Пролет бр. 35А Скопје
(име, презиме и седиште - адреса)

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.
Овој е прв извод - потполн - во извадок, кон кого не се приложени - се приложени ___ преписи од прилогот на нотарската исправа.

Број ОДУ 295/21

Во Скопје 26.05 2021 година

НОТАР,

(потпис и печат)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
НАДА
ПАЛИЌ
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
НАДА ПАЛИК
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА
НОТАР
ПАЛИК
СКОПЈЕ